ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ ЗА СОЦИЈАЛЕН И ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

ИН ВИВО – СКОПЈЕ

IN VIVO

DO GOOD, DO IT RIGHT

ЗАВРШЕН ПРОГРАМСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА 2021 ГОДИНА

СОДРЖИНА

1. ЦЕЛИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО ЗА 2021
2. АКТИВНОСТИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО ЗА 2021
3. ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ
4. ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ
5. СТРАТЕГИЈА ЗА 2022

1. ЦЕЛИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО ЗА 2021

a. КОНТИНУИРАНА ЕДУКАЦИЈА ЗА ОСНОВАЧИТЕ И ЧЛЕНОВИТЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО
b. ПРЕДСТАВУВАЊЕ ПРОГРАМА ЗА РЕИНТЕГРАЦИЈА НА МАРГИНАЛИЗИРАНИ ЛИЦА
c. СОЦИЈАЛНО ПРЕТПРИЕМАЧКИ АКТИВНОСТИ
d. ПОДГОТОВКА НА СТРАТЕГИЈА ЗА 2020 ГОДИНА

а). КОНТИНУИРАНА ЕДУКАЦИЈА НА ОСНОВАЧИТЕ И ЧЛЕНОВИТЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Донатор: Сопствени средства (донации од основачите) како и средства обезбедени од донатори

Времетраење: Јануари – Декември, 2021

Буџет за едукација 2020 година: 60,000 МКД

Цел:

- Континуирано запознавање на основачите и членовите на Здружението со:
    - Актуелните законските промени кои што би можеле да влијаат на идното работење на Организацијата
    - Добро управување со Граѓанските Организации
    - Унапредување на личните професионални вештини
    - Запознавање со можности за иден организациски раст и развој на Здружението
    - Можности за стекнување на нови грантови и/или други извори со коишто Организацијатаа би генерирала нови/зголемени финансиски средстава
    - Надградба на постоекките знаења за перспективите на социјалното претприемништво
    - Можности за унапредување на статусот и препознавањето на Здружението
    - Други теми од интерес

Активности:

- Соработка со Здруженија и фондации кои организираат обуки, или уплата на обуки со теми од интерес кај комерцијални едукациски ентитети
- Размена на практични искуства и вмрежување со Здруженија и фондации кои, освен теоретските познавања, имаат и соодветни активности во практикување и спроведување на нивните цели
- Потпишување на Меморандуми за соработка со организации со комплементарни активности

Постигнат резултат:

- Присуство на четири обука (‘во живо’) организирана од потенцијални донатори, организации со поголем капацитет и една државна институција (Q3 и Q4)

- Присуство на 32 on-line средби и обуки (преку видео конференциски платформи) кои допринесоа за јакнење на капацитетите на организацијата
- Одржани повеќе работни средби со организации со слични интереси, како и организации со кои има потенцијал за идна соработка (Државна агенција за поддршка на претприемништвото, Комора на Органски производители, Национална Агенција за Европски образовни програми и мобилност, Праведни и Професионални, Комора на Оргаи потенцијални донатори занимања, CEED, Шведска Амбасада)

2. ПРЕДСТАВУВАЊЕ НОВИ ПРОГРАМА ЗА РЕИНТЕГРАЦИЈА НА МАРГИНАЛИЗИРАНИ ЛИЦА

Донатор: Caritas Italiana

Времетраење: Април - Јуни, 2021

Буџет: 4,903 ЕУР МКД

Цел:

- Намалување на консеквенците предизвикани од Ковид-19 пандемијата, и
- Одржлива социјална и професионална реинтеграција на лицата во потреба

Активности:

- Избор и вклучување на учесниците на нашите претходни проекти (и потврдени резултати од нивниот реинтегративен процес) во оваа проектна активност
- Обезбедување на соодветна опрема и материјали за соодветно спроведување на проектот
- Зголемување на капацитетите за производство на биохумус (8 нови легла)
- Дефинирање на лого и име за брендот со кој што ќе го представиме биохумусот пред нашите потенцијални клиенти
- Обезбедување на опрема и материјали за соодветно спроведување на проектот
- Дефинирање и преставување на продажна стратегија со која што нашиот производ ќе се направи пристапен и ‘продадлив’ на поширок круг клиенти
- Вклучување на професионалци/експерти кои што ќе допринесат за соодветна имплементација на преоектните активности

Постигнат резултат:

- Успешно (самостојно) пополнета и поднесена проектна апликација во Caritas Italiana
- Набавени нови основни средства за Организацијата (нов 5,5кВ агрегат, дупчалка)
- Набавени материјали и направена основа за нови 8 легла Калифорниски црви (наместо 16, сега имаме 24 легла)
- Самостојно направена сеалка за биохумус
- Осмислен брендинг за биохумусот
- Набавени и брендирани 24,000 кеси со капацитет од 3 литра за пакување на биохумусот
- Организиран 'отворен ден' кој што беше посетен од повеќе од 50 пријатели, соработници и поддржувачи на Здружението (локалната канцеларина на Ептиса, професори од Земмјоделскиот факултет при УКИМ, професори од Економскиот факултет при УКИМ, Директорот на АППРМ, представници на ГО ХОПС и РЕТО, представници на Мрежа за Рурален Развој, представници на традиционални бизниси)
- Представување и 'видливоста' на спроведените активности преку социјалните мрежи
- Обезбедено соодвени и целосно транспарентно администрирање на проектните активности, вклучувајќи и континуирано известување на донаторот за сиостојбите со добиените средства и остварените резултати

Донатор: Erasmus +,
Национална Агенција за Европски образовни програми и мобилност

Времетраење: Јуни 2021 – Октомври, 2022

Буџет: 52,720 ЕУР МКД

Цел:

- Да им помогнеме на луѓето во потреба да ги 'преточат' своите таленти и креативност во применливи уметнички вештини
- Да ја 'искористиме' уметноста за подобрување на социјална инклузија на лицата со помалку можности
- Да се промовира социјалното претприемништво во сите 3 земји во кои што се спроведува проектот (Северна Македонија, Грција и Италија)

Активности:

- Соодветен избор и вклучување на учесниците од ранливите категории на наши сограѓани (со фокус на бездомни лица)
- Креирање на интерактивна програма која би опфатила теоретска и практична работа со учениците на програмата
- Избор на предавачи кои што соодветно би го имплеметирале теоретскиот дел од предвидената програма
- Креирање на T-o-R (Terms-of-Reference) за избор на креативен едукатор кој што соодветно би го имплементирал теоретскиот дел од програмата
- Обезбедување на соодветна опрема и материјали за соодветно спроведување на предвидената проектна пограмата
- Имплементација на 5 дневна обука во Скопје
- Имплементација на 5 дневен обука во Битола
- Имплементација на две 5 дневени обуки во Италија
- Имплементација на две 5 дневени обука во Грција
- Соодветна администрација на проектот
- Редовна комуникација со проектните партнери

Постигнат резултат (во 2021):

- Успешно пополнета и поднесена проектна апликација во локалната Национална Агенција
- Прилагодена е иницијално планираната програма кон буџетот кој е достапен во Националната Агенција
- Потпишани се договори со проектните партнери
- Остварена е првата транснационална средба со проектните партнери во Атина – Грција
- Спроведена е првата LTT (Learning-Teaching-Training) активност во Скопје, со која која ги поставивме стандардите за понатамошно спроведување на проектните активности од страна на партнерските организации
- Како резултат на првата LTT, представен е нашиот нов пероизвод – вертикални градинарски камени чешмички
- Остварена е редовна координација со проектните партнери (еднаш месечно), со планирање на предстаоечките активности и ‘отчет’ за имплементираните активности
- Представување и ‘видливоста’ на спроведените активности преку социјалните мрежи
- Обезбедено соодвени и целосно транспарентно администрирање на проектните активности, вклучувајќи и известување на донаторот за состојбите со добиените средства и остварените резултати (една средба со физичко присуство на представник на нашата Организација со представници на НА – Декември, 2021)

3. СОЦИЈАЛНО ПРЕТПРИЕМАЧКИ АКТИВНОСТИ

Донатор: Сопствени средства (донации од основачите) и средства кои се акумулирани со предходните претприемачки активности на организацијата

Времетраење: Јуни – Декември, 2021

Буџет за социјално претприемачки активности: 20,000 МКД

Цел:

- Подготовка на помали пакувања биохумус, ко би биле апликабилни за пласман во фрмални продажни места
- Промоција на биохумусот со доставување на примероци до потенцијални купувачи
- Континуирана промоција на биохумусот преку социјални мрежи и директен контакт со клиентите; потенцијална соработка со ПР експерт
- Остварување на организирана продажба кај 'таргетираните' клиенти

Активности:

- Организирано пакување на биохумусот во брендирани кеси со капацитет од 3 литра
- Достава на примероци на спакуваниот биохумус до потенцијални купувачи
- Оонтинуирана промоција на биохумусот преку социјални мрежи; Потенцијална соработка со експерти за ПР и/или дигитален маркетинг
- Продажба на поголеми количини на биохумус
- Отпочување на други форми на продажба

Постигнат резултат:

- Спакувани 3,000 кг биохумус во брендирани кеси со капацитет од 3 литра
- Доставени примероци на вака спакуваниот биохумус до 26 потенцијални купувачи (воглавном од граѓанскиот сектор)
- Остварена континуирана промоција на биохумусот преку социјални мрежи; Остварена средба со ПР експерт, но не е остварена соработка (поради недостаток на буџет за ваква активност)
- Остварена продажба на 1,6 тони биохумус кон организацијата на Црвен Крст од Скопје

- Отпочната континуирана продажба на биохумусот на локацијата каде што го произведуваме (с. Јаболци – Скопје), при што се продадени 90 кг биохумус

3. ПОДГОТОВКА НА СТРАТЕГИЈА ЗА 2022

Донатор: Сопствени средства (донации од основачите)

Времетраење: Декември, 2020

Буџет за подготовка на стратегија: 10,000 МКД

Цел:

- Дефинирање на приоритетите на Здружението за 2022
- Обезбедување континуитет на досега отпочатите проекти, прекку
- Надградба и проширување на досегашните активности
- Договарање проверливи идикатори врз основа на кои ќе го ‘мериме’ имплементирањето на договорените активности

Активности:

- Надградба и проширување на досегашните сознанија за актуелните законски регулативи при планирање идните активности на Здружението
- Континуитет на досега отпочатите проекти, преку:
    - поставување на SMART цели за 2022 година
    - прилагодување на целите кон актуелната состојба со Ковид 19, како и целата општествена општествено политичка ситуација во земјата
    - SWOT анализа на состојбите
- Следење на актуелните повици и поднесување на најмалку три проектни апликации (минимум 20,000 ЕУР по апликација)
- Дефинирани јасни KPI-а

Постигнат резултат:

- Остварувањето на планираните резултати ќе го следиме и ‘мериме’ на квартално ниво

_____

Дејан Стојановиќ

Претседател и Извршен Директор